Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
MINISTRIA E TRANSFORMIMIT DIGJITAL
Бр./Nr. 14-36511
07-11 20 24 год./viti
СКОПЈЕ SHKUP

**П Р И Л О Г**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА**

| | |
|---|---|
| **Назив на министерство:** | Министерство за дигитална трансформација |
| **Назив на предлогот на закон:** | Закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми |
| **Одговорно лице и контакт информации:** | Мишко Талески<br>Електронска адреса: misko.taleski@mdt.gov.mk |
| **Вид на Извештај:** | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| **Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од:** | ☐ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☒ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☐Друго ________________ |
| **Поврзаност со Директивите на ЕУ:** | Директивата 2010/13 на ЕУ за аудиовизуелни медиумски услуги која ги регулира аудиовизуелните медиумски услуги, вклучувајќи ги и услугите на Интернет<br><br>Патоказ за владеење на правото, кој ги опфаќа клучните реформски приоритети во „Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права„ во делот на слободата на изразување.<br><br>Европскиот акт за слобода на медиумите |
| **Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации:** | ☐Да<br><br>☒Не |
| **Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР:** | 07.11.2024 година |
| **Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за јавна администрација:** | |
| **Датум на добивање на мислењето од Министерството за јавна администрација:** | |
| **Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат** | |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Законот за медиуми е донесен на 72-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 декември 2013 година. Истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија број 184„ од 26 декември 2013 година. Во текот на законодавниот процес што доведе до усвојување на Законот за медиуми во 2013 година, едно од главните прашања и предмет на интерес кај засегнатите страни во медиумската област беа онлајн медиумите, односно интернет порталите. Дискусиите поврзани со таа област во тој период често предизвикуваа различни тонови во потребата од регулирање на онлајн медиумите и начинот како да се направи тоа. Гледиштата често беа спротивставени и се движеа од воведување на овој тип медиуми во Законот преку целосна регулација на начин како се регулирани традиционалните медиуми, до ставови кои беа во насока дека не треба воопшто никаква регулација на интернет порталите во Законот за медиуми.

Првите амандмански измени датираат од јануари 2014 година, а една од промените е што се избришаа електронските публикации од членот 2 на законот. Оттогаш до денес медиумските работници, медиумските невладини здруженија и новинарите често дискутираат за потребата од воведување на минимална регулација во Законот.

Со оглед на фактот дека резултатите од последните истражувања покажуваат дека над 70 % од јавноста се информира на интернет, со што онлајн медиумите стануваат важен чинител во медиумскиот простор, се наметна потребата од нивно воведување во Законот за медиуми, што ќе придонесе и за поинтензивно поттикнување на саморегулацијата како битен сегмент за професионалното новинарско работење и зајакната конкурентност во медиумскиот простор.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Проблемите со онлајн медиумите – интернет порталите произлегуваат од неколку клучни причини:

**Недостиг на законски основ:** Една од главните причини за проблемите со онлајн медиумите – интернет порталите е тоа што не се евидентирани во законската регулатива, па не се препознаваат како медиуми. Со ова, тие (вклучително и нивните вработени) се лишени од сите права и обврски. Непостоењето на прецизна дефиниција за онлајн медиумите во Законот за медиуми дополнително придонесува за отворање на голем број портали, без критериуми, без податоци за сопственоста и без информации кој стои зад содржините кои се објавуваат, а воедно и не нуди заштита на новинарите и професионалците кои дејствуваат во оваа област.

**Извор на дезинформации:** Постои перцепција во јавноста дека онлајн медиумите и платформите на социјалните мрежи се главниот извор на дезинформации, на говор на омраза и на прекршување на професионалните стандарди во новинарството.

**Неусогласеност со меѓународните стандарди:** Невклученоста на онлајн медиумите во законската регулатива е спротивна на Европскиот акт за слобода на медиуми и препораките од Патоказот за владеење на правото, кој ги опфаќа клучните реформски приоритети во „Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права„ во делот на слободата на изразување.

Сите овие фактори доведуваат до различно поимање и различен однос на јавноста кој онлајн медиумите, што ја нагласува потребата од донесување на законски измени, во консултација со сите засегнати чинители.

## 2. Цели на предлог регулативата

Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми има за цел да ја зајакне конкурентноста во медиумскиот простор и да ги реши постојните проблеми со интернет порталите во земјата, преку поставување на правна рамка која ги препознава како такви, односно јасни правила за нивно основање и регистрација.

Европскиот акт за слобода на медиуми забележува дека во дигиталниот медиумски простор, граѓаните и бизнисите пристапуваат и консумираат медиумски содржини и услуги, кои се веднаш достапни на нивните лични уреди, сè почесто во прекугранични услови. Во таа насока особено ги истакнува аудиовизуелните медиумски услуги, радиото и печатот, кои се лесно достапни преку интернет, преку подкасти или онлајн портали за вести. Во таа насока, актот вклучува дефиниции за медиумски услуги кои треба да се воведат во Законот за медиуми со цел да се опфатат не-аудиовизуелните онлајн медиуми – особено оние кои нудат вести и информации.

Во тој контекст, проектот „European Union for Freedom of Expression: Alignment of National Media Legislation with the EU Acquis and Media Standards" посочува дека неколку земји-членки на ЕУ (Австрија, Финска, Летонија и Унгарија), како и две земји-членки на ЕУ од регионот (Словенија и Хрватска) ги вклучиле онлајн медиумите во нивните закони за медиуми, со минимални одредби поврзани со постапката за нивно основање и регистрација. Проектот препорачува Законот за медиуми да содржи слична минимална обврска за основање и регистрација на онлајн медиуми кои би потпаднале под дефиницијата за медиуми кои објавуваат вести и актуелни работи, како што е наведено во Европскиот акт за слобода на медиуми.

Конкретно, целите на овој закон се:

**Препознавање на онлајн медиумите – интернет порталите,** а со тоа и обезбедување на сите права и обврски. Преку воспоставување на правна рамка која ја препознава нивната улога на медиуми, ќе се обезбеди зајакнување на слободата на говорот, како и поголема кредибилност кај аудиториумот во однос на медиумите кои се регистрирале како такви. Ваквата регистрација би значела и елиминирање или **намалување на протокот на дезинформации и лажни вести во онлајн медиумите.**

**Усогласување со европското законодавство:** Согласно Патоказот за владеење на правото, слободата на изразување и слободата на медиумите се гарантираат во согласност со европските стандарди и правото на ЕУ, земајќи ги предвид вредностите на демократијата, плурализмот и толеранцијата. Како мерки и активности предвидени во Патоказот за владеење на правото се

ревидирањето на правната рамка преку регулирање на онлајн медиумите, како и воспоставување на Регистар на онлајн медиуми кој треба да придонесе за зголемување на професионалноста и стандардите на онлајн новинарството во земјата. Дополнително, овие измени се целосно во согласност со Европскиот акт за слобода на медиуми, каде се препорачува воспоставување на минимални одредби поврзани со постапката за нивно основање и регистрација..

**Воспоставување на обврски за онлајн медиумите:** Предлог законот поставува јасни обврски за веб порталите во делот на импресум, заштитата на малолетната публика и евидентирање во Регистарот на онлајн медиуми-интернет портали.

Овие цели се насочени кон создавање професионални стандарди за онлајн медиумите преку почитување на етичките норми и правилата на саморегулација.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо"

Непреземањето на решение ќе придонесе за продлабочување на реалните проблеми со кои се соочуваат онлајн медиумите во земјата, како што се ширење на дезинформации, немање уредничка или новинарска одговорност за објавените информации и прилози, неетичко однесување и сл. Дополнително, ваквата ситуација создава целосно нефер услови за различни чинители на пазарот.

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Донесување на законско решение со кое онлајн медиумите ќе бидат препознаени во правната рамка, што воедно ќе значи можност за остварување на нивните права и обврски како медиуми, но и почитување на професионалните новинарски стандарди. Покрај ова, измените ќе бидат во насока на исполнување на обврските од Патоказот за владеење на правото, според кој потребна е измена на правната рамка преку регулирање на онлајн медиумите, како и воспоставување на Регистар на онлајн медиуми. Истовремено, законските измени ќе бидат во контекст на Европскиот акт за слобода на медиумите, кој има за цел да создаде правна рамка која ќе го поттикне независното новинарство, ќе го заштити медиумскиот плурализам и ќе ја осигура транспарентноста на онлајн платформите и медиумите. Сето тоа ќе ја поттикне транспарентноста на сопственоста, односно онлајн медиумите кои ќе се регистрираат како такви, ќе бидат обврзани да објават информации за своите сопственици, со што ќе се зголеми довербата на публиката и ќе ја намали можноста за скриено влијание врз уредничката политика на медиумите.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

**Економски влијанија**

Ова законско решение може да придонесе за намалување на степенот на корупција во онлајн медиумите, со воспоставување на обврски за отчет на нивната работа преку промовирање и практикување на професионалните и етичките норми, како и принципите на саморегулација.

Исто така, зајакнувањето на конкурентноста во медиумскиот простор ќе има значајно економско влијание. Имено, кога тој е конкурентен, тоа создава повеќе можности за работа, особено во новинарството, маркетингот и продукцијата. Конкуренцијата ја поттикнува медиумската индустрија да

создава содржини кои се поврзани со интересите на публиката, преку воспоставување фер и еднакви услови за дејствување.

**4.1 Фискални влијанија**

Донесувањето на измените на овој закон нема да предизвика фискални импликации врз буџетот.

**4.2 Социјални влијанија**

Онлајн медиумите сериозно влијаат врз креирањето на идентитетот, ставовите и однесувањето на читателите, публиката и јавноста. Познати се нивните негативни влијанија врз создавањето на личноста на една индивидуа, преку пласирање на деструктивни и девијантни содржини кои често се пласираат во интернет просторот и истите не се предмет на регулација. Истовремено, онлајн медиумите имаат и позитивно влијание врз развојот и едукацијата на различни целни групи, поради овозможениот пристап до образовни содржини. За да се отстранат или намалат ризиците од употребата на онлајн медиумите потребно е да се поттикнува медиумско образование и писменост на децата, младите, наставниот кадар и родителите.

**4.3 Влијанија врз животната средина**

Донесувањето на ова законско решение нема да има влијание врз животната средина.

**4.4 Административни влијанија и трошоци –**

*а) трошоци за спроведување*

За спроведување на измените на Законот за медиуми нема да бидат потребни дополнителни трошоци од оние кои досега ги издвојувале онлајн медиумите за своето работење.

*б) трошоци за почитување на регулативата*

Во делот за трошоци за почитување на регулативата можно е кај онлајн медиумите да се јави потреба од формирање на професионални новинарски редакции и воспоставување нови работни места (уреднички, новинарски и технички), кои ќе овозможат професионален кадар успешно и професионално да ги спроведува обврските.

**5. Консултации**

**5.1 Засегнати страни и начин на вклучување**

Засегнати страни кои учествуваа при креирање на измените на Законот за медиуми, беа претставници од медиумскиот сектор, особено онлајн медиумите и новинарски работници. Притоа, нацртот е споделен со едно здружение на новинари и експерти од областа.

**5.2 Преглед на добиените и вградените мислења**

//

**5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто**

/

**6. Заклучоци и препорачано решение**

**6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)**

Доколку остане постојното законско решение ќе има негативни влијанија од аспект на продолжување на ширењето на лажни вести во онлајн медиумите, нетранспарентност во сопственичката структура на медиумот, непочитување на обврските пропишани за импресум и сл.

Со донесувањето на измените на законското решение ќе се испочитуваат препораките зацртани во Патоказот за владеење на правото, како и со Европскиот акт за слобода на медиумите. Имплементацијата на препораките содржани во европските политики ќе овозможи зголемена транспарентност на онлајн медиумите во делот на сопственоста, рекламирањето и финансирањето, подобрување на конкурентноста, заштита на уредничката независност, подобрени права на новинарите. На овој начин, онлајн медиумите ќе ги остварат сите права, но и обврски како и сите други медиуми.

### 6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

Постојат неколку потенцијални ризици во спроведувањето и примената на измените на законот во делот на онлајн медиумите-интернет портали: отпор кон промени, ширење на дезинформации, непочитување на етичките и професионални стандарди во новинарското работење од страна на кадарот во медиумот, непочитување на принципите на саморегулација и сл. Врз основа на тоа, постои можност одредени онлајн медиуми недоволно да ги разберат придобивките од овие промени.

### 6.3 Препорачано решение со образложение

Препорачаното решение е донесување и имплементација на измени на Законот за медиуми, во насока на евидентирање на онлајн медиумите-интернет порталите во дефиницијата за медиуми, преку воспоставување обврски за нивна регистрација во Регистарот на онлајн медиумите-интернет порталите кој ќе го води регулаторот, транспарентност во објавувањето на податоците кои се законски пропишани во делот за импресум, како и обврски во насока на заштитата на малолетната публика.

Законот ќе се усогласи со Патоказот за владеење на правото, како и со Европскиот акт за слобода на медиуми, каде се препорачува воспоставување на минимални одредби поврзани со постапката за нивно основање и регистрација.

Со ова дополнително ќе се придонесе во исполнувањето на обврските кои произлегуваат од европските политики.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

Предлог измените на Законот за медиуми не предизвикуваат потреба од менување на други закони.

### 7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

/

### 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе има обврска од воспоставување на Регистар на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали кој ќе содржи податоци за фирмата и седиштето, односно назив и адреса на издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот, име и презиме на одговорното лице на издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот, името на онлајн медиумот-интернет порталот, како и податоци за сопственикот на мк-доменот.

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе ја следи примената на изменетите законски одредби.

## 8. Следење и евалуација

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето

Податоците во Регистарот на издавачи онлајн медиуми-интернет портали надлежното регулаторно тело ќе ги добива од Централниот регистар.

### 8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Евалуацијата на ефектите од законските измени ќе биде тековна задача на Министерството за дигитална трансформација во соработка со Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:**_____________

_______________________________

**потпис на државен секретар**

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:**_____________

_________________________

**потпис на министерот**